**Наслов на постапката**: **ПРОВЕРКА НА ХИГИЕНАТА ВО УСТАНОВАТА**

**Дефинирање на поимот:**

- **Обезбедување соодветни хигенски услови на осудените лица** – претставува **право на осудените лица** за престој во простории кои има можност да се проветруваат, да навлегува доволно дневна светлина, да ги имаат потребните санитарни и хигиенски инсталации и да се обезбедат чиста облека и обувки и чиста постелнина за осудените лица.
- Временскиот интервал за перење на облеката и постелнината на осудените лица е определен со куќниот ред на КПУ.
- **Одржување на хигената** - претставува **обврска на осудените лица** да ја одржуваат својата лична хигена, да ги одржуваат уредни и чисти просториите каде што престојуваат и работат и да се придржуваат на одредбите од куќниот ред на установата и наредбите на службените лица.

**Национални прописи со кои се регулира постапката:**

- Закон за извршување на санкциите (Службен весник на РМ бр.99/19, 220/19,236/22)
- Глава XI Права на осудените лица и деца (од член 155 до член 160)
- Правилник за куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа (јуни 2020)
- Правилник за начинот на постапување на дисциплинска комисија при водење на дисциплинска постапка против осудени лица број на (Сл.весник Бр.01-1027/1 од 16.06.2020 година)

**Цел на постапката**: Одржување и подобрување на хигиенските услови во казнено-поправните установи

**Резултат:** Подобрени хигиенски услови во установата

**Индикатори**: Број на регистрирани неправилности при одржување на хигената

**Корисник на постапката:**

- Затворска Полиција
- Сектор за ресоцијализација
- здравствена заштита
- Директор на КПУ

**Сопственик на постапката:** КПУ

**Датум на евалуација на постапката**: Континуирано

**Документи:**

1.Книга за евиденција за одржување на хигената за осудените лица
2. Распоред за одржување на хигената во установата


Распоред на лица задолжени за одржување на хигена
Проверка дали е извршена лична хигиена
Проверка на хигената во просториите (спални)
Проверка на ходници и заеднички простории
Проверка на тоалетот
Проверка на трепезарија
Проверка на кругот на установата
Доколку е извршена
Доколку не е извршена
Книга за евиденција за одржување на лична хигена на осудените лица
Евиденција на хигиенската состојба
Усна наредба да изврши лична хигиена
Увид на воспитувачот во книгата за евиденција на хигиенските услови
Известување на лице од с.ресоцијализација (лице од секторот за ресоцијализација кое ја реализира програмата за третман)
Разговор со осуденото лице
Предлог и постапка за дисциплинско казнување (доколку има потреба)

**Упатство за постапување**

**Чекор 1: Проверка дали осудените лица  извршиле лична хигиена**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За да се провери дали осуденото лице ја одржува личната хигена |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција во одделението каде е распоредено осуденото лице |
| **Што?** | Проверува дали осуденото лице ги извршило потребните хигиенски активности |
| **Каде?** | Во установата |
| **Кога?** | Секој ден при утринска проверка |
| **Како?** | Со визуелна проверка<br>- дали лицето е уредно облечено, потстрижено избричено  и чисто |

**Чекор 2: Распоред на лица задолжени за одржување на хигената во установата**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За да се определи кои лица се задолжени за одржување на хигената во установата |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција  во одделението каде се распоредени осудените лица |
| **Што?** | Се изработува распоред за одржување на хигената во сите простории и одделенија и заеднички простории и делови во установата со точно наведување на имињата и презимињата на осудените лица |
| **Каде?** | Во установата |
| **Кога?** | Секоја седмица (секој петок за наредната недела) |
| **Како?** | - Писмен распоред за одржување на хигена во спалните, заедничките простории, тоалетите,трепезаријата и кругот на установата<br>- Се истакнува на видно место во секое одделение во  установата<br>- Осудените лица се известуваат најмалку еден ден претходно |

**Чекор 3: Проверка на хигената во просториите за престој во установата**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Да се провери дали просториите за престој се исчистени и проветрени |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција - надлежен затворски полицаец во одделението |
| **Што?** | Проверува дали осудените лица ги извршиле потребните хигиенски активности |
| **Каде?** | Во установата - Во просториите за престој на осудените лица |
| **Кога?** | По појадокот |
| **Како?** | Со визуелна проверка<br>- Припадник на затворска полиција надлежен за одделението влегува во секоја спална поединечно<br>- Проверува дали се уредни креветите, односно дали секое осудено лице го наместило својот кревет<br>- Проверува дали е постапено по распоредот за чистење: (дали е проветрено, дали е исчистен подот, дали се исчистени корпите за отпадоци) |

**Чекор 4: Проверка на хигената во заедничките простории (тоалетите и бањите)**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Да се провери дали просториите се исчистени |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција во одделението |
| **Што?** | Проверува дали осудените лица ги извршиле потребните хигиенски активности |
| **Каде?** | Во установата - Во заедничките простории на осудените лица |
| **Кога?** | По појадокот |
| **Како?** | Со визуелна проверка<br>- дали е исчистен подот, дали има определени оштетувања на инвентарот |

**Чекор 5: Проверка на хигената во кругот на установата**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Да се провери дали просториите и кругот на установата се исчистени |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција во одделението |
| **Што?** | Проверува дали осудените лица ги извршиле потребните хигиенски активности |
| **Каде?** | Во установата, во кругот и во заедничките простории на осудените лица |
| **Кога?** | Секој ден |
| **Како?** | Со визуелна проверка<br>- Припадник на затворска полиција надлежен за одделението влегува во секоја просторија поединечно<br>- Врши визуелна проверка дали е проветрено, дали е исчистен подот, дали е уредна просторијата |

**Чекор 6: Евиденција на констатираната состојба на хигената (Книга за евиденција)**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Да се евидентира и следи одржувањето на хигената од страна на осудените лица |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција во одделението |
| **Што?** | Евидентира дали осудените лица ги извршиле потребните хигиенски активности |
| **Каде?** | Во книга за евиденција |
| **Кога?** | Секој ден после извршената проверка |
| **Како?** | При проверка на лична хигена за секое осудено лице се забележува + или - , во зависност дали ја одржува личната хигена<br>При проверка на хигената во установата се констатира хигенската состојба, се евидентираат пропустите, од кои осудени лица се направени, дали се отстранети пропустите и во кој рок. |

**Доколку не е извршена лична хигена**

**Чекор 7: Наредба да изврши активности за одржување на хигената**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За да се отстранат неправилностите |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција во одделението |
| **Што?** | Припадник на затворска полиција ја констатира неправилноста и дава наредба истата да биде отстранета |
| **Каде?** | Во установата - или во просторијата каде е констатирана неправилност |
| **Кога?** | Веднаш по констатираната неправилност |
| **Како?** | 1. Го повикува осуденото лице/а кај кои е констатирана неправилност<br>2. Им дава наредба истата да биде отстранета |

**Чекор 8: Известување на службеното лице од секторот за ресоцијализација кое ја реализира програмата за третман**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За преземање на мерки и активности |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција во одделението |
| **Што?** | Го информира службеното лице од секторот за ресоцијализација кое ја реализира програмата за третман дека осуденото лице не ја одржува личната хигена или дека не постапува по распоредот за одржување на хигената во установата |
| **Каде?** | Во установата - во канцеларијата на службеното лице од секторот за ресоцијализација кое ја реализира програмата за третман на осуденото лице |
| **Кога?** | По констатирање дека осуденото лице сторило дисциплинска повреда – неодржување на лична хигиена и хигиена во установата |
| **Како?** | 1. Припадник на затворска полиција од книгата за евиденција на хигиената гледа дека осуденото лице соодветно не ја одржувал личната и хигиена во установата<br>2. Усмено го известува службеното лице од секторот за ресоцијализација кое ја реализира програмата за третман за целата состојба |

**Чекор 9: Разговор со осуденото лице и преземање соодветни мерки**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За преземање на мерки и активности за воспитно влијание на осуденото лице |
| **Кој?** | Службеното лице од секторот за ресоцијализација кое ја реализира програмата за третман |
| **Што?** | Разговара со осуденото лице и го советува |
| **Каде?** | Во канцеларијата на службеното лице од секторот за ресоцијализација кое ја реализира програмата за третман |
| **Кога?** | Истиот ден откако бил известен, најдоцна наредниот ден |
| **Како?** | Преку разговор со осуденото лице, ги согледува причините за однесувањето осуденото лице, го советува и презема други мерки и активности за воспитно влијание на осуденото лице |

**Чекор 10: Предлог и водење на дисциплинска постапка**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | За преземање на мерки за дисциплинска одговорност на осуденото лице поради непочитувањето на Правилникот за куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа |
| **Кој?** | Припадник на затворска полиција во одделението каде престојува осуденото лице/службено лице од секторот за ресоцијализација |
| **Што?** | Припадник на затворска полиција по претходно дадено мислење од службено лице од секторот за ресоцијација доставува предлог за поведување на дисциплинска постапка за сторена дисциплинска повреда од страна на осуденото лице до претседателот на дисциплинска комисија |
| **Каде?** | Во установата |

| | |
|---|---|
| **Кога?** | По констатирање за неодржување на хигена и мислење од службено лице од секторт за ресоцијализација дека на осуденото лице не се делува воспитно преку одржаниот разговор |
| **Како?** | Согласно Правилникот за начинот на постапување на дисциплинска комисија при водење на дисциплинска постапка против осудени лица број на (Сл.весник 200/2020 од 10.08.2020 |